ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел:++389 (0) 31 375 035 Факс:++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот се одржа на ден **12.2.2025 година ( среда)** во **08:00** часот во **Мала сала на Општина Крива Паланка.**

**Присутни:** Градоначалник на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, раководител на Сектор Одделение за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот, **Даниела Велковска,** раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и одржување комунална инфраструктура, **Маја Костадиновска,** раководител на Одделение за човечки ресурси, **Игор Додевски,** раководител на Одделение за финансиски прашања, **Марија Златановска,** раководител на Одделение за инспекциски надзор, **Бранко Велиновски**, раководител на Одделение задделение за администрирање на даноци, такси и надоместоц**, Емил Денчевски**, раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков,** раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграции, **Антонио Давитковски,** виш соработник за управување со квалитет и слободен пристап до информации од јавен карактер, **Лидија Митовска, с**оветник за јавни набавки и работи за седници на совет, **Биљана Тасевска,** директор на ЛУ Градски музеј, Крива Паланка, **Драган Величковски,** в.д. директор на ЈП Комуналец, **Далибор Стојановиќ,** лице за подршка на градоначалник **Јорданчо Миневски.**

**Дневен ред**

1. Информации за динамиката на процесот на репроценка на имот на територија на Општина Крива Паланка, Лидија Митовска
2. Преглед на Планот за јавни набавки за 2025 година, Билјана Тасевска
3. Информација за тековни активности по задолженија во ЛУ Градски Музеј, директор Драган Величковски
4. Извештај за реализација на задолженијата од претходен колегиум и дефинирање на наредни, директор Далибор Стојановиќ
5. Подинечен преглед и пресек на неделните задолженија до Секторите и Одделенијата од Општина Кр.Паланка. Дефинирање следни приоритети и задачи, раководители од Општина Крива Паланка.

- Колегиумот го отвори градоначалникот Сашко Митовски.

1. По првата точка од дневниот ред и даде збор на Лидија Митовска која информираше за текот на процесот на репроценка на имот.

Лидија Митовска информира дека сите 6 комисии имаат забрзана динамика на работа , по 30-тина предмети кои сукцесивно се доставуваат до координативното тело и се внесуваат во Л-тас системот.

И репроценката на имот за деловни субјекти е засилена и се завршени повеќе од 10 нови предмети. Според Митовск,а се планира сите репроценки да бидат завршени до крајниот рок, 31.3.2025 година.

2. Билјана Тасевска по втората точка, јавни набавки, информираше за спроведените и тековните/претстојни јавни набавки за Општина Крива Паланка, како: јавно осветлување и заловување бездомни кучиња.
3. Директорот на ЛУ Градски музеј, Крива Паланка, Драган Величковски, се осврна на сите дадени претходни задолженија, со информација како тековнос е одвива нивната реализација, информираше за резултатите од конкурсот на Минсиетрство за култура и туризам, со кој мзуејот нема подржани проекти, а додаде дека доколку ги исполнуваат критериумите, ќе аплицираат на следниот – дополнителен рок за аплциирање.

   Рече дека Градски музеј има одредени доспеани долгови од манифестациај „Град на кутлура" за некои настани, а нови задолженија од градоначалник се за вклучување лица од музејот во поддршка и организација на манифестацијата „Невестинско поклонение на св.теодор Тирон" закажана за 9 март 2025.
4. Далибор Стојановиќ, в.д.директор на ЈП Комуналец, информираше за сите тековни задолженија за сектор Паркови и зеленило и сектор Комунална хигиена, јавна чистота и гробишта, како и за тековните останати организациски задолженија, а дополнително беше дадена насока од страна на градоначалникот да се разгледа можна дислокација/изместување на водоводна линија на главната улица „Св.Јоаким Осоговски".
5. Раководителите на сектори и одделенија од Општина Крива Паланка информираа за динамика на работа по задолженија од претходниот колегиум.

- Маја Костадиновска, раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај , заштита на животна средина и одржување комунална инфраструктура, како најургентна активност ја наведе претстојната измена на проект за главната улица за што , рече, во петок, 14.2.2205 година е закажан состанок со проектанти, надзор, изведувач.

  Добиена е Одлука од Владата на РСМ за сопственост на Опптина Крива Паланка на објект на дом за ученции „Боро Менков", за што градоначалникот задолжи да се проследи процедура/постапка за впишување на имотот во катастар.

  Костадиновска информира за сите тековни активности на одделениeто.

  Од градоначчалник е посочено и да се распише јавен повик за закуп на времени објекти на спортски комплекс Крива Паланка.
- Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, го образложи текот на сит еотпочнати проекти во одделението, со планирана динамика на гардба на истите. Неделава почнува реконструкција на улица „Пиринска", ул.„Никола Тесла", Градец- партерно уредување на старото училиште финишира, до крај на месец февруари и реконструкција на оградата на градските мостови ќе биде завршена.

  Што се однесува на проектирање, ќе биде одржан состанок со фирма за проектот за пречистителна станица, како и за Дурачка Река- регулација на коритито и сервисна улица.
- Емил Денчевски, раководител на одделение за даноци, информира за:
  - број на изготвени решенија за присилна наплата на данок за 2024;
  - број на изготвени решенија за данок на фирми за 2025 година.

Денчевски даде осврт на споредбени информации за 2024/25 година за број на отворени/затворени фирми со седиште на територијата на општината. Градоначалникот задолжи: да се изврши посета, заедно со инспекциски служби , на времени објекти поставени на државно земјиште и да се изнајде модел за нивно задолжување/ правно регулирање за наплата на данок и да се изврши консултација со овластен за систем за даноци за негова надградба и осовременување, за поедноставен електронски систем на генерирање решенија , да се регулира статус со рекламни табли на територија на општината.

- Антонио Давитковски, раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграции информираше за тековните прекугранични проекти што се аплицирани или се во фаза на реализација: Изградба на адреналиснки парк на Калин Камен, се очекува потпишување во следнито месец, „ПАРКС“ – на 18.2.2025, презентација во Крива Паланка на зелен катастар, поставување сензор за мерење квалитет на воздух на зграда на Општина Крива Паланка, проект со Лесковац „Земја на легендите“, треба да се изврши( заврши) исплата.
- Раководител на Одделение за човечки ресурси, Игор Додевски, тековни задолженија со дополна- Одлуката од Влада за ОУД„Боро Менков“ да се проследат следни постапки.
- Раководител на Одделение за инспекциски надзор, Бранко Велиновски,посочи дека над 100 корпи за оптадоци ( 120 л) се поставени покрај институциите во општината. Депонија за инертен отпад, редовно се порамнува од страна на ЈП Комуналец, но се депонира шут во големи количини и е потребно да се порамнува почесто. Велиновски најави според Закон за нови текови на отпад дека во следнито период по правно формулирање Општина Крива Паланка ќе рпистапи кон потпишување на договори со 3 колективни постапувачи за собирање на 3 вида отпад: текстил, отпадни гуми и отпадни возила.
  Задолжение од градоначалник, да се разгледа со ЈП Комуналец ( консултација) за аплицирање во СИПР преку МЖСП да се изврши набавка на потребни ресурси/опрема ( ќе има достапни средства за општините од Североисточен плански регион).
- Раководител на Одделение за финансиски прашања, Марија Златановска,рече дека финансиско одделение работи на завршна сметка на општината, потсетување за сервисирање услуги од закупци на општински имот и други тековни работи, како и планирања за усогласување со минимална плата.
- Даниела Велковска, раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот, информираше за завршени експропријации ан земјишта во: Домачки Дол, ул.„8 Октомври“, за водоводи во Конопница и Мзиовски ливади, а преостанати се во Трнци, Конопница.
  Задолженија: да се задолжат лица за организација на „Сусурига“ и „Невестинско поклонение на св.Теодор Тирон“, на 1, односно 9 март 2025.
  Укажување од Никола Граматиков: изнаоѓање правен начин по допис од граѓанин за пат што со децении минува во приватен имот во Бегови Бавчи.

Сите задолженија од колегиум се доставени преку Архива на Општина до раководните лица од одделенијата и претпријатијата/установите.
Колегиумот заврши во 10:15 часот.

Изготвила:

Ирена Белешковска